Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

**До: Јавни здравствени установи (ЈЗУ)**
**Приватни здравствени установи (ПЗУ) кои вршат специјалистичко консултативна и/или болничка здравствена заштита**

## Известување
## за доставување на документација за обезбедување на видот и обемот на здравствени услуги на осигурените лица за 2020 година

Сите јавни и приватни здравствени установи кои имаат договор за давање на здравствени услуги од областа на специјалистичко консултативна и/или болничка здравствена заштита на товар на средствата на Фондот, а со цел обезбедување на здравствените услуги за осигурените лица во 2020 година, **потребно е да ја достават следната документација за 2020 година:**

1. **ЈЗУ**

- План за вид и обем на здравствени услуги за 2020 година **по дејности –** образец,
- Збирен рекапитулар на вкупно планирани здравствени услуги за 2020 година по нивоа на здравствена заштита - образец,
- Список на дејности- образец,
- Список на вработени по структура - образец,
- Преглед на нова опрема и нови дијагностички процедури за 2020 година - образец,
- Развојни компоненти - образец и
- План за јавни набавки за 2019 година.

2. **ПЗУ кои вршат специјалистичко консултативна и/или болничка здравствена заштита (НЕ СЕ ОДНЕСУВА на ПЗУ кои вршат примарна здравствена заштита и ПЗУ аптеки)**

- План за вид и обем на здравствени услуги за 2020 година **по дејности,**
- Збирен рекапитулар на вкупно планирани здравствени услуги, за сите дејности на здравствена заштита во 2020 година*.*

Наведената документација под број 1, задолжително ја доставуваат сите јавни здравствени установи, додека приватните здравствени установи доставуваат **само план**

**за вид и обем на здравствени услуги по дејности и збирен рекапитулар (доколку имаат повеќе од една дејност)**, како што е наведено под реден број 2.

Документацијата што се доставува треба **да е во согласност со пропишаните теркови од страна на Фондот,** објавени на веб - страницата www.fzo.org.mk во делот **Даватели на здравствени услуги - Теркови на потребна документација за 2020 година.**

Целата документацијата задолжително треба да се достави во

- **електронска форма *(excel формат)*** на е-маил: dogovori@fzo.org.mk и
- **печатена форма (верифицирана од страна на директорот на установата)**, до ФЗОМ - со ознака за Одделение за буџетска координација, преговарање и договарање.

Напомена: При достава на документацијата во електронска верзија, потребно е **во називот на е-маилот да стои името на здравствената установа** додека во содржината да се назначи **лице за контакт, контакт телефон и негова е-маил адреса.**

**Рокот за достава на потребната документација до Фондот е заклучно со 24.10.2019 година.**

За дополнителни прашања поврзани со ова известување можете да се обратите на следните контакт телефони: 02 3289 – 025 и 02 3289 – 027.

Сектор за финансиски прашања
Одделение за буџетска кординација преговарање и договарање